Совет на Општина Делчево
Број 09- 1163/2
26.08.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 38.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 26.08.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 09:40 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 38.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 37.седница

1. Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;
2. Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;
3. Предлог-Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца ;

**Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево.

4.Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

5. Годишен извештај за работата на ООУ „Внчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

6. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

7.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Образлагач**: Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

8. Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;

**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „илинден“-Делчево.

9.Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

10. Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Дијана Цоневска-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

11. Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година со Предлог- Одлука за давање согласнот;

**Образлагач:** Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.

12.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2024-30.06.2024 со Предлог-Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци;

13. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП 1 21-200 од 19.07.2024.

14. Предлог-Одлука по барање 21-201 од 19.07.2024.

15. Предлог-Одлука за финансика поддршка.

16. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за урбанистички плланови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

17. Тромесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за прв квартал (01.01.2024 -31.03.2024) со Предлог-Заклучок за усвојување.

**Образлагач:** Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов книговодител.

18. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 21-232 од 23.08.2024;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и изтиот беше ставен на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 38.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 37.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од 37.седница на Советот, беше ставен на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 37.седница.

**Прва точка- Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;**

Точката ја образложи директорката на детската градинка Билјана Симова која истакна дека со овој план се планираат 2 нови вработувања и 1 унапредување.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од присутни 15 членови на Советот 9 гласаа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, со што Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за давање согласност на **Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2025.**

**Втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;**

И оваа точка ја образложи директорката на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево која рече дека со оваа одлука се утврдува работното време на детската градинка.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;

**Трета точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца ;**

Образлагач и по оваа точка Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање групи со поголем број на деца .

**Четврта точка-Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Во отсуство на Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, точката беше образложена од страна на помошник-директорот Влатко Атанасовски.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Од 14 присутни советници, 8 гласаа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, со што Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2024/2025 година.

**Петта точка-Годишен извештај за работата на ООУ „Внчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која накратко ја презентираше содржината на самиот извештај.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Во моментот на гласањето беа присутни 15 членови на Советот. Со 8 гласа „ЗА“ 6 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Внчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024 година.

**Шеста точка-Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Во моментот на гласањето беа присутни 15 членови на Советот. Со 8 гласа „ЗА“ 6 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025 година.

**Седма точка-Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево кој рече дека Советот на Општината веќе дал согласност на училиштето за формирање на паралелки со помал број на ученици, но бидејќи бил направен превид, сега се бара формирање на една комбинирана паралелка за ПУ во с.Ѕвегор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Во моментот на гласањето беа присутни 15 членови на Советот. Со 8 гласа „ЗА“ 6 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

**Осма точка-. Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која истакна дека со овој план се планира едно ново вработување во 2025 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Во моментот на гласањето беа присутни 15 членови. Со 9 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево не даде согласност на ГПВ за вработување на ЈЛБ „Илинден“ за 2025 година.

**Деветта точка-Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Оваа точка беше образложена од страна на Весна Димитровска, професор и претседател на Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ која детално го образложи извештајот.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој реагираше процедурално сметајќи дека има прекршување на Деловникот. Тој праша во кое својство професорката се јавува во функција на

образлагач кога согласно Деловникот точките  на училиштата ги образлагаат директорите или нивните заменици. Според него професорката има судир на интереси бидејќи е претседател на Училишен одбор. Управниот одбор е орган на управување, а директорот е орган на раководење.

Претсеадтелот на Советот рече дека за него како претседател на Совет е важно точката да има образлагач и да биде добро образложена, а образлагачот на оваа точка навистина ги има сите податоци и добро ја образложила точката. Најверојатно има овластување од директорката да биде образлагач на оваа точка, сигурно не дошла по сопствена иницијатива. Можеби во иднина образлагачите на точките треба да имаат со себе писмено овластување од страна на нивните претпоставени, истакна претседателот на Советот. Тој рече дека како претседател ќе реагира до директорите и раководителите да доаѓаат тие на седниците на Советот и да ги образлагаат своите точки или овластените образлагачи да носат со себе писмено овластување.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година.

**Десетта точка-Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2024/2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Весна Димитровска која ја образложи Програмата за работа на гимназијата во новата учебна година, посебно истакнувајќи ги проблемите со кои се соочуваат (намален број на ученици за пишани во Прва година), причините за намалениот интерес за упис во Прва година, како и размислувањата за отварање на нови струки кои ќе бидат поатрактивни за учениците. Таа истакна дека значителна бројка на ученици кои завршиле основно образование се запишани во гимназијата во М.Каменица, пред се поради стипендиите кои се доделуваат и тоа е една од  причините. Секако дека вина има и во самата гимназија што веќе подолг период, 10-тина години не е отворена некоја друга струка за која ќе има интерес кај учениците.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека образложениeто за намалениот интерес на учениците за запишување во гимназијата е речиси исто како ланската година и потенцираше дека не треба вината да се бара на друго место, соседна општина или соседна гимназија, или во родителите и во самосвеста на учениците. Вината е во раководниот тим на гимназијата, во директорката. Зошто директорката не доаѓа на седници на Совет, да се соочи со нас советниците, праша тој и рече дека ова не се забелешки кои се однесуваат на професорката.

Сашко Ивановски рече дека малата бројка на запишани ученици во Прва година е резултат на суетата на некои наставници/професори. Ова е вистина, има ученици кои не сакаат да се запишаат во гимназијата од некои суетни професори кои влегуваат во отворени конфликти со учениците и тоа лошо се одразува на уписната политика. Многу малку или речиси ништо не се презема од страна на раководниот тим за надминување на тие проблеми, на тие суети. Работната атмосфера е на многу ниско ниво, нарушени се меѓучовечките односи, а тоа го гледаат и коментираат и учениците. Се случува многу чесни професори да трпат негативни последици поради суетните професори. Секако дека има и други причини атрактивноста или неатрактивноста на струките, раководниот тим и сл., рече тој.

Професорката В.Димитровска се сложи со поголем дел од дискусијата на С.Ивановски и рече дека и тие како советници може и треба да реагираат за подобрување на состојбата и надминување на проблемите во гимназијата.  Тие се отворени за соработка, има отворена телефонска линија, има сандаче за поплаки, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2024/2025 година.

**Единаесетта точка-Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година со Предлог- Одлука за давање согласнот;**

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која ја опбразлжи точката и истакна дека се планираат 4 унапредувања , 2 пензионирања и 3 нови вработувања. Барам мојот предлог да биде ставен на гласање, рече тој.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата ќе го поддржи овој план со следните забелешки:

- На страница 3, во ***Делот 2.Планирани движења на кадарот во следната година***, во Табела 2, работното место 1 останува, а да се избришаат работните места со реден број, 2, 3 и 4;
- На страница 6, ***во Делот 3. Планирани нови вработувања во следната година***, да се избрише работното место со реден број 1, а работните места со реден број 2 и реден број 3 да останат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а предлогот на К.Тренчевски беше ставен на гласање.

Од присутни 15 советници, со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои предлогот/забелешките по ГПВ на Општина Делчево за 2025 година.

На гласање беше ставена и точката- Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година со веќе прифатените забелешки.

Од присутни 15 советници, со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за согласност на ГПВ на Општина Делчево за 2025 година.

**Дванаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2024-30.06.2024 со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци која ја образложи точката и рече дека советниците можат да поставаат прашања доколку имаат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од присутни 15 советници, 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2024-30.06.2024.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање УП 1 21-200 од 19.07.2024.**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој го прочита барањето доставено до Советот и предложи износ од 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласносо 15 гласа „ЗА“, одлуката беше донесена.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука по барање 21-201 од 19.07.2024.**

И о ваа точка ја образложи претседателот на Советот кој го прочита барањето доставено до Советот и предложи сума од 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласносо 15 гласа „ЗА“, одлуката беше донесена.

Петнаесетта точка- Предлог-Одлука  за финансика поддршка.

Точката ја образложи претседателот на Советот кој го прочита барањето поднесно до Советот и предложи сума од 40.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, одлуката беше донесена.

Шеснаесетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за урбанистички плланови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека се дополнува Програмата за урбанистички плланови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година со нова подточка ***10.34*** *која гласи : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи со опфат на кп бр 961, 968, 965 967, 960, 1392, 1391,1,424,1425,1410,1411,1417 1412, 1402, 1420, 1393,1,403, 1394,1395,1398, 1390,1400,1401, 1399,1413,1408,1405 КО Очипала – Општина Делчево.*

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој побара писмен одговор за категоријата на земјиштето за наведените катастарски парцели.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од 15 присутни членови на Советот,со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, беше донесено дополнувањето на Програмата за урбанистички плланови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година.

Седумнаесетта точка-Тромесечен  извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за прв квартал (01.01.2024 -31.03.2024) со Предлог-Заклучок за усвојување.

Образлагач по точката беше Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов книговодител која детално го образложи извештајот при што истакна дека  во овој извештаен период ЈКП „Брегалница“ покажало негативен финансиски резултат, односно загуба од -1.440.935,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од 15 присутни, со 8 гласа „ЗА“ и 7  „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Тромесечен  извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за прв квартал (01.01.2024 -31.03.2024.

Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 21-232 од 23.08.2024;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека оваа одлука се однесува на опожарена куќа на наш согаѓаин од с.Тработивиште и предложи сума од 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од 15 присутни, со 15 гласа „ЗА“ , Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Со исцрпувањето на дневниот ред, оваа седница заврши со работа во 10:46 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

Записникот го водела
Снежана Трајкова